**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди**

Ев.број 13-_________
2014 година
С к о п ј е

Министерството за внатрешни работи како една од стратешките приоритети во работењето ја има борбата против корупцијата и коруптивното однесување меѓу вработените  и во таа насока продолжува со јасно дефинирана политика на  утврдените Владини преоритети за безкомпромисна борба против корупцијата,  Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, како и исполнување на превземените  обврски за целосно исполнување на критериумите кон асоцирање на Република Македонија за полноправно членство во НАТО и Европската унија.

Поаѓајќи од политиките и реформските активности за подинамичен економски и општествен развој, особено политиките поврзани со подобрувањето на квалитетот на јавните институции за спроведување на реформите и решителна борба против организираниот криминал и нулта толеранција за корупцијата, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во име на Министерството за внатрешни работи за 2014 година, ја донесува следнава

## <u>А Н Т И К О Р У П Ц И С К А   П Р О Г Р А М А</u>

Основна цел на антикорупциската програма е намалување на корупцијата и постигнување на антикорупциска култура кај вработените во Министерството на ниво на европските полиции.  Еден од условите за постигнување на наведената цел е  градење на  интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи согласно европските стандарди со  подигнување на свеста на вработените преку содветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во полицијата и непрофесионалното постапување и  воспоставување на посакуваните етички стандарди. Во програмата се предвидени и други цели: детектирање на корупцијата, отстранување на условите и факторите  кои доведуваат до корупција и коруптивно однесување, зголемување на ефикасноста на полициските органи надлежни за спроведување на законите и службите на Министерството надлежни за контрола на работењето, отчетност, транспарентни постапки во сузбивањето на корупцијата.

Тенденција на Антикорупциската програма е да го стесни просторот за коруптивно однесување и да обезбеди услови за контрола, откривање и санкционирање на корупцијата и коруптивното однесување.

Кога се работи за корупција во полицијата треба да се има предвид дека повеќето облици на корупција се сметаат за посериозни доколку се извршени од страна на полициски службеници отколку од страна на други владини службеници, бидејќи полицијата е државен орган од кој што јавноста очекува да го контролира однесувањето на другите. Доколку на полицијата не може да ѝ се верува, во основа и не постои друг орган на кој јавноста може да се потпре за почитувањето на законот и одржувањето на јавниот ред и мир.

Непочитувањето на законот од страна на полицијата може да придонесе кон појава на поголем процент на криминални дејствија и помал процент на расчистување на инкриминирани дела. Од тие причини од особена важност е борбата против корупцијата во сопствените редови.

Една од приоритетите на планот на сузбивање на корупцијата се однесува на превземање на превентивни мерки во насока на откривање на факторите кои придонесуваат во откривање на корупцијата, при што од голема важност е улогата на менаџерскиот тим во насока на детектирање на појавите кои директно или индиректно погодуваат за појава на корупција и нивно елиминирање.

Ефективните лидери може да ја движат полицијата во позитивна насока, но промената на културата е долготраен процес. Претпоставените се тие кои ги воспоставуваат стандардите на однесување, што е прифатливо а што не е, и дефинираат како другите вработени во организациската единица ќе ги постигнат овие стандарди. Од полициските службеници се очекува да ги разбираат и ценат суштинските вредности во нивната организација. Значајна улога во насока на сузбивање на корупцијата во Министерството за внатрешни работи ја има Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Надлежности и природата на работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди бара перманентно јакнење на капацитетите, потребните средства и опременоста за да можат вработените во Секторот, професионално да одговорат на обврските. Неопходно е обезбедувањето на компетентен, стручен и обучен кадар во рамките на Секторот за ефикасна борба против корупцијата во полициската организација.

Под поимот корупција во Министерството за внатрешни работи и полицијата се подразбира секое дејствие или пропуст кое вработениот ќе го стори при вршење на својата должност, а за тоа како возврат бара или прифаќа некаква корист, погодност или интерес за себе или за друго лице како и секое пречекорување и прекршување на стандардните постапки и процедури, злоупотреби на службената должност или пречекорување на законските овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална, нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес од страна на вработен во Министерството, за себе или за некој друг со намера да изврши или да се воздржи од извршување на дејствие кое законски е должен да го изврши или да не го изврши.

Под поимот материјална или нематеријална корист, предност, погодност или интерес се подразбира секоја добивка без разлика на нејзината големина или вредност, како и секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма или содржина.

Под поимот финансиска корист или интерес се подразбира секоја добивка без разлика на нејзината големина или вредност. За корист или интерес се смета и секоја нефинансиска добивка, без разлика на нејзиниот вид, форма и содржина.

Најразлични се индикаторите, кои укажуваат на тоа дека полициските службеници постапуваат коруптивно, при тоа остварувајќи профит за себе или за некој друг. За спречување на корупцијата од особено значење е да се препознаат индикаторите за корупција, поради што и ќе издвоиме некои од нив:

-непревземање на службени мерки кога истите се задолжителни или преземање на службени мерки кога за тоа не се исполнети законските услови;

-високиот стандард на живот (станови, куќи, викендици, автомобили, годишни одмори на екслузивни места и слично), кој некореспондира со примањата што ги има полицискиот службеник или неговото семејство;

-нетипични контакти на полициските службеници и „бизнисмени“ (покани за приеми, годишници, патувања);

-добивање на нереални погодности (специјални цени, вип- места во угостителски објекти) и подароци;

-нетипичното однесување или промена на однесувањето на полицискиот службеник со колегите и раководниот кадар;

- асоцијалното однесување, одавање на алкохол, дрога коцкање и слично;

-неразумен отпор против било какво поместување на работната позиција, дури и во случаи кога се работи за унапредување, односно промена на позицијата.

## 1. <u>Програмски активности</u>

Министерството за внатрешни работи со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на коруптивно однесување на вработените во Министерството и полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај, поради што оваа програма опфаќа систем на мерки и активности кои значат:

1. Селекција на кандидатите при вработување во Министерството согласно пропишаните стандарди;
2. Јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи;
3. Континуирана и специјализирана обука на вработените во Министерството и полицијата;

4. Отчетност и транспарентност во работењето, значаен сегмент за спречување на корупцијата во Министерството за внатрешни работи.
5. Унифицирани процедури за работа во Министерството;
6. Професионално постапување на вработените во МВР во демократско политичките процеси;
7. Доследно почитување на Кодексот на полициска етика;
8. Потикнување на граѓаните да пријават корупција во Министерството и полицијата
9. Спроведување на систем на кариера;
10. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка;
11. Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата;

## 1.1 Селекција на кандидатите при вработување во Министерството согласно пропишаните стандарди

Селекцијата на кандидатите за работа во полицијата треба да биде заснована на квалификации и способности кои се релевантни за извршување на полициската работа. Покрај здравствените и психичките способности и потребното образовно ниво, на што се базира селекцијата на кандидати за нашата полиција, многу е важно селекцијата да се изврши согласно критериумите на кој укажува Европскиот кодекс на полициска етика. А тоа е способноста за правилно расудување, отворени ставови, зрелост, искреност, комуникативност, добро разбирање на општествените и културните прашања и прашањата на локалната заедница. Овие својства и знаења претставуваат темел за нова улога на полицијата во општеството и нејзините подобри односи со граѓаните и нивните права.

Приемот на кадри за полицајци во Министерството за внатрешни работи ќе се спроведува со јавен оглас во јавна и транспарентна постапка, спроведена согласно позитивните прописи со строги критериуми, како во однос на физичката подготвеност, така и по однос на менталните способности на лицата кандидати за полицаец. Селекцијата, и изборот на кандидати ќе се спроведува од Комисија за избор на кандидати за полицаец, а избраните кандидати ќе треба успешно да ја завршат основна обука за полицаец (теоретски и практичен дел).

Само со избор на способни кадри ќе се добие потенцијал за идни полициски службеници, кои ќе се носат со новите предизвици и ќе изградат современа полиција, која ќе се грижи за безбедноста на граѓаните, ќе ја спречува корупцијата и ќе биде имуна на корупттивното однесување.

## 1.2. Јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи

Интегритет е латински збор кој означува потполност, неприкосновеност и недопрена целина. Следствено на тоа, полицискиот интегритет претставува поседување на највисоки професионални стандарди и вредности (доверба, чесност, непристрасност, посветеност, одговорност, компетентност и лидерство).

Полицијата како граѓанска сила во државата е должна да му овозможи на секој граѓанин непречено да може да ги остварува своите права загарантирани со уставот и законите. Секогаш кога полицијата ги извршува своите должности чесно, правично, посветено, одговорно, професионално, непристрасно и постапува согласно законот, довербата на јавноста во полицијата ќе се зголемува. За полицијата која во своето работење е водена од овие вредности велиме дека има интегритет. Полицискиот службеник со интегритет е клуч во борбата против корупцијата. Од голема важност е полициските службеници добро да го познаваат полицискиот интегритет и да работат на негово континуирано унапредување се со цел зголемување на довербата на јавноста во полицијата. Ова е од особена важност од причина што познавањето на полицискиот интегритет им овозможува на полициските службеници полесно да ги разграничат позитивните од негативните појави, доброто од лошото, исправното од погрешното, а ќе овозможи да спречи добриот полицаец да биде жртва на лошиот полицаец.

Со цел развивање и одржување на висок стандард на интегритет во полицијата, Министерството за внатрешни работи преку Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во соработка со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили- DCAF, во 2013 година отпочнат со реализација, која ќе продолжи и во 2014 година, Проект за имплементација на Прирачникот за полициски интегритет, издаден од нивна страна. Целта на Проектот е секој вработен во Министерството и полицијата да биде запознат со значењето на полицискиот интегритет и потребата од понатамошно јакнење и применливост во секојдневното работење. Согласно предвидената динамика за реализирање на Проектот за имлементација на прирачникот за полициски интегритет на DCAF предвидено е да се донесе План за интегритет во Министерството за внатрешни работи за 2014/2015 година.

Во зависност од степенот на имплементација на полицискиот интегритет во полициското работење ќе зависи какви ќе бидат полициските службеници како личности, со позитивни морални и етички вредности во служба на граѓаните.

### 1.3. <u>Континуирана и специјализирана обука на вработените во Министерството</u>

Континуираната и специјализирана обука на сите припадници во Министерството е од особено значење во насока да се прошири нивното

знаење и да се подобрат нивните вештини. Обуката мора да го одржи принципот на демократска работа на полицијата, во оперативна смисла да ја обучи полицијата да постапува согласно законите и полициската етика, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на корупција.

Со континуираната обука на полициските службеници и останатите вработени во Министерството треба да се подигне свеста за демократските вредности, позитивното законодавство и меѓународните стандарди на работа на полицијата.

Од посебна важност е специјална обука на полициските кадри кои се борат против корупцијата и нивното усовршување, кое ќе биде насочено на професионалната работа соочувајќи се со предизвикот во борбата против корупцијата која треба да биде бескомпромисна и неселективна со целосно почитување на Уставот и законите.

Сите полициски службеници се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за вештини и знаење низ организирани програми. Усовршувањето е постојана активност која ја спроведува Министерството за внатрешни работи. Во рамките за своите активности, Центарот за обука во соработка со DCAF, ОБСЕ и ИЦИТАП ќе спроведе тренинг и едукација со цел усовршување на полициските службеници кои се борат против корупција во сите организациони единици.

Во рамки на Проектот за имплементација на Прирчникот за полициски интегритет издаден од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили, на 12 вработени во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е спроведена обука за за обучувачи, кои понатаму спроведоа обука од областа на „Полициски интегритет" на 80 полициски службеници од Секторите за внатрешни работи на Министерството.

Исто така, експертите од DCAF извршија обука на 20 вработени од раководниот кадар на организациски единици на Министерството за внатрешни работи. Истите завршија E-learning обука (фаза 1) на DCAF. За наредната 2014 година, согласно предвидените активности обуките ќе продолжат понатаму со ширење на стекнатите знаења со цел секој вработен во полицијата и Министерството да биде запознат со значењето на полицискиот интегритет и потребата од понатамошно јакнење и применливост во секојдневното работење. При тоа ќе биде изготвен Прирачник за обука за полициски интегритет, кој ќе биде користен од страна на одговорните за спроведување на обуките на полицијата во Секторите за внатрешни работи. Истовремено, на избрана група менаџери ќе биде спроведена E-learning обука (фаза2) за полициски интегритет. Бидејќи, добро едуцираните и обучени полициски службеници со висок интегритет ќе влијаат на подобрување на јавното мислење и довербата на јавноста во полицијата. Оттука потребно е континуирано да се спроведуваат обуки за полициските службеници како би се потсетиле на вредностите, етичкиот кодекс и законските прописи согласно кои работат, а таквото постапување значи и отсуство на корупција и коруптивно однесување.

## 1.4 Отчетнст и транспарентност во работењето значаен сегмент за спречување на корупцијата во Министерството за внатрешни работи

Полицијата е еден од инструментите на сила на државата во функција на спроведување на законот и владеење на правото. Секој кој има моќ е подложен на злоупотреба на истата. Затоа е потребно полицијата да подлежи на отчетност и на внатерешен и надворешен надзор. Граѓаните очекуваат полицијата која е одговорна за одржувањето на јавниот ред и мир, да ги извршува задачите во согласност со највисоките стандарди и да е прва во почитувањето на истите. Довербата во полицијата постои кога таа ги извршува своите должности професионално, правично и чесно.

Отчетноста на полицијата значи дека полицијата прифаќа да даде одговор на прашањата за нејзините одлуки и дејствувања и е спремна ги прифати последиците од евентуални злоупотреби на овластувањата. Целта на отчетноста е да се спречи полицијата од злоупотреба на службените овластувања, да се спречи политичкиот авторитет од злоупотреба на неговата контрола врз полицијата, да се унапреди полицискиот интегритет и најважно од се е да се подобри довербата на граѓаните во полицијата. Отчетност вклучува транспарентност во работата и систем на внатрешна и надворешна проверка. Без ваква транспарентност корупцијата и другите форми на полициска злоупотреба ќе постојат и постојано ќе се зголемуваат. Во секој случај, еден од најважните начини на кои граѓанското општество може да ја контролира полициската корупција е преку зачестени контакти и интеракција со полицијата. Во моментов, општо познато е дека полициското работење во заедницата, со кое полицијата и локалните заедници го зголемуваат контактот и полицијата остава простор за подобрување на работењето на полицијата и довербата во истата.

Друг важен чинител за постигнување на транспарентност е Секторот за односи со јавност и информации од јавен карактер, кој во соработката со медиумите и надлежностите што ги има ќе ја подигне јавната свест за опасноста од корупција и организиран криминал.

Секторот за односи со јавноста и информации од јавен карактер, во текот на годината ќе спроведе информативна кампања, со цел запознавање на јавноста со мерките кои ги превзема Министерството за внатрешни работи. Исто така, оваа информативна кампања ќе има цел да ги мотивира и поттикне граѓаните на поголема соработка со Министерството и со надлежните служби задолжени за борба против корупцијата, а пред се со Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Нужно е да се работи транспарентно, отчетно и одговорно согласно принципите на стручност, компетентност и професионалност во извршување на работите и задачите. Соработката со сите медиуми на планот на борбата против корупцијата ќе се подигне на повисоко ниво, особено преку учество во интервјуа, дебати, емисии и други форми на непосредно учество во подигањето на јавната свест за опасноста од корупција и организиран

криминал и за мерките кои се преземаат за ефикасна борба и сузбивање на овие појави.

### 1.5 Унифицирани процедури за работа во Министерството

На овој план, во текот на изминатата, а и годините пред тоа постигнати се значајни резулти, донесени се голем број подзаконски акти и интерни прописи, но и натаму останува обврската за стеснување на дискреционите права на ниво на нужност или исклучок и воведување на унифицирани процедури за работа.

Со неунифицирани и долги процедури за работа во полицијата и Министерството се создава одредена правна несигурност и можност за коруптивно однесување на вработените. Различните процедури, спорите постапки, дискреционите права, молчењето на администрацијата и комплицирање на пропишаните процедури при остварување на одредени права на граѓаните, доведува до коруптивно постапување на вработените во Министерството и полицијата.

Секое отстапување од пропишаните стандардни процедури, од формален или материјален аспект, отвара простор за сомневање дека постојат коруптивни намери, кои треба соодветно да се санкционираат согласно правилата и прописите на Министерството и полицијата, а во случаите каде ќе се докаже и постоење на кривична одговорност, случаите да се процесуираат до надлежните правосудни органи.

На овој начин се создадаваат претпоставки и можност едноставно, ефикасно и ефективно да се лоцира и одговорноста за секоја постапка на секој вработен во Министерството или полицијата.

Оваа задача, во најголем дел е во надлежност на Бирото за јавна безбедност во соработка со организациските единици за правни и човечки ресурси. Дел од овие задачи произлегуваат од Законот за кривична постапка, за што имплементацијата ќе се одвива перманентно, во континуитет, со тежнение секогаш да се корегираат воочените слабости.

Во оваа насока неопходно е да се пропишат и соодветни правила и процедури за постапување во управната постапка за управните служби.

Во делот на издавање на личните документи со развојот на информатичката технологија и технолошкиот напредок се создава можност за воведување на електоронски регистри, кои пак од своја страна ќе овозможат услугите што ги бараат граѓаните од Министерството да бидат стандардизирани, унифицирани и јавно достапни. Ќе се овозможи граѓаните на едноставен начин да ги користат овие услуги, без притоа да мора да чекаат во долги редици пред шалтерите на службите, со што ќе се зголеми процентот на задоволни граѓани. На овој начин граѓаните во целост ќе ги користат придобивките на технолошкиот развој, со што ќе фатиме чекор со полициите во чие друштво се стремиме да бидеме и ние.

### 1.6 Професионално постапување на вработените во МВР во демократско политичките процеси

Полициските службеници по закон ги имаат истите граѓански и политички права како и останатите граѓани. Ограничувањето на овие права е предвидено во Правилникот за работите и дејностите што се во судир со полициските работи и член 128 од Законот за внатрешни работи. Полициското организирање согласно принципот ,,Полициско работење во заедницата“ овозможува воспоставување односи на релација полиција-јавност, а со тоа се создава поле за ефикасна соработка со другите органи, единици на локалната самоуправа, невладините организации и граѓаните.

Демократското полициско работење наложува полицијата истовремено да е надвор од политиката, но исто така да ги штити демократските политички процеси.

Принципите на правда и правичност се главна задача на вработените во Министерството за внатрешни работи. Вработените во Министерството мораат да го спроведуваат законот и да се раководат според принципите на еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ. Полициските службеници постапувајќи согласно Уставот и Законите секогаш мора да ги почитуваат стандардите на професионално работење.

Зајакнувањето на ефикасноста и ефективноста на полицијата е можна само со доследно почитување на пропишаните норми и стандарди, следење на најдобрите европски искуства, практики и стандарди на полициско постапување. Ефикасноста и ефективноста на полицијата се огледува во начинот на постапувањето, расветлените криминални активности, санкционирање на полициските службеници во случај на недоследности и корумптивни постапки, непостоење на исклучок при утврдување на одговорност, транспарентност на постапките, достапност на полицијата за јавноста и сл.

За да може да се подобри ефиканоста и ефективноста на полицијата и да се ограничи просторот за корустивно однесување на полициските службеници, потребно е јасно и прецизно да се дефинираат надлежностите и задачите на вработените во Министерството и полицијата.

Полицијата помага во одржувањето на вредностите на демократијата, таа е овластена да применува полициски овластувања кои подразбираат мерки и активности со кои директно се задира во основните права и слободи на граѓаните. Со цел да се обезбеди целосна заштита на човековите права и слободи и да не дојде до нивно непотребно ограничување, нужно е да се афирмираат принципите на стручност, компетентност, правилно остварување и извршување на задачите.

Кога полицијата ќе ги извршува своите задачи во рамките на законот, нема да ги злоупотребува своите овластувања, ќе ги почитува човековите слободи и права и може да се очекува доверба од страна на јавноста.

### 1.7 Доследно почитување на Кодексот на полициска етика

Во средина во која се почитува етиката, културата која е применета води до намалување на случаите на корупција. Од особена важност е да постои организациска култура која ќе служи како основа за добро однесување кај полициските службеници.

Организациската култура е клучна, а соодветното индивидуално однесување е производ на пружање поддршка на полициските службеници кои се соочуваат со етички прашања. Ова е од особено значење раководителите да ја осознаат потребата од поддршка која треба да им ја пружат на полициските службеници и воопшто на вработените во Министетството за внатрешни расботи, кои се соочуваат со проблеми од областа на корупцијата и неетичкото однесување.

Во Република Македонија донесени се закони за борба против корупцијата усогласени со европското законодавство. Меѓутоа, законодавната активност треба да биде имплементирана со масовно прифаќање на етичките и моралните норми и начинот на однесување на полициските службеници.

Строгото почитување на правните регулативи и Кодексот на полициска етика од страна на полициските службеници значи елиминирање на уште една причина за можна појава на корупција во редовите на полициската организација.

Кодексот на полициска етика го опфаќа и кодексот на однесување и дисциплинскиот кодекс кој ги идентификува видовите полициско однесување, кои во основа не претставуваат криминално однесување, но се сметаат за неприфатливи.

Основните стандарди на полициската етика бараат строго почитување на личноста, како при извршување на задачите спрема трети лица, така при раководење со полициските службеници; строго придржување на правото при спроведување на интерните и екстерните одлуки за постапките во полициското работење и транспарентност на полициското постапување.

Во врска со примената на правилата од секој полициски службеник се очекува висок степен на свест за сопствената одговорност, почитување на граѓаните и морална цврстина. Основата на тие правила е Уставот во кој се говори за достоинството и неповредливоста на правата на секој човек што е највисока општествена цел.

## 1.8 Потикнување на граѓаните да пријават корупција во Министерството и полицијата

Јасно е дека свеста за тоа што значи корупцијата и колкава штета причинува треба да се разбуди кај секој поединец. Подигнувањето на свеста кај јавноста за тоа дека полициската корупција е неприфатлива и дека јавноста може да стори нешто околу тоа, е исклучително важен процес кој треба да биде охрабрен. За таа цел, потребно е да се мобилизираат институциите во антикорупциските напори преку институционална соработка, но и јакнење на соработката со невладиниот сектор.

Со цел подигање на јавната свест кај граѓаните за штетноста од корупцијата, Министерството за внатрешни работи ќе организира интерактивни програми за приближување до заедницата, преку организирање средби и работилници за отворени дискусии со граѓаните од локалната самоуправа со што ке се зголеми и зајакне соработката на граѓанскиот сектор на локално ниво и службите на Министерството, кои се надлежни за сузбивање на корупцијата.

Во информирањето на јавноста важна улога имаат пишаните и електронските медиуми со емитување на антикорупциска кампања за подигање на свеста кај граѓаните за штетноста од корупцијата и афирмација за нулта толеранција за корупцијата.

Министерството за внатрешни работи има отворено бесплатна телефонска линија 199 на која граѓаните или правните лица можат да пријават сомневање за постоење на корупција или коруптивно однесување на припадник на Министерството.

Пријавите можат да се поднесат писмено или усно, по пошта, по факс, електонски по e-mail или по пат на on line директно на web-страницата на Министерството за внатрешни работи. Доколку сакаат, граѓаните, корупција можат да пријават и анонимно. Оваа година, во сите полициски станици од општа надлежност се поставени сандачиња, со што се поедноставува постапката за пријавување на незаконско и непрофесионално постапување.

Истовремено, проблематика на која не ѝ се посветува доволно внимание е потребата да се подигне свеста кај самите полициски службеници, нагласувајќи ја потенцијалната штета што може да произлезе од корупцијата.

На интернет страната на Министерството за внатрешни работи граѓаните можат да се информираат за сторени кривични дела со елементи на корупција и осомничени сторители како и методи и начини за нејзино сузбивање.

### 1.9 <u>Спроведување на систем на кариера и креирање на правичен систем на плати и наградување на трудот</u>

Со Законот за внатрешни работи веќе е воведен мерит систем и унапредувањето на вработените во Министерството за внатрешни работи и полицијата врз основа на стручност, компетентност и професионалност. Донесените подзаконски акти предвидуваат низа објективни и мерливи критериуми за унапредување во службата. Со хоризонталното и вертикалното напредување во кариерата, начинот и критериумите за оценување, дисциплинската одговорност и новините во санкционирањето и деградирањето на полициските службеници се подига свеста на вработените за извршување на поставените задачи и намалување на можноста за корумпирано однесување.

Унапредувањето на вработените во ситемот на кариера треба да гарантира дека сите поставувања се врз основа на личните квалификации на поединецот и неговата соодветност (во однос на искуство, стручност, карактер итн.) за работното место. При тоа, треба да постојат јасно дефинирани критериуми за поставување полициски службеници, вклучувајќи ги и неопходните минимум образовни стандарди.

Важен начин за проценка на соодветноста на пријавените кандидати се тестовите за способност. Треба да се спроведат повеќе психолошки тестови и тестови за определување на вредностите (способноста) на полициските службеници, не само за време на нивниот прием за работа во МВР, туку и во текот на нивната кариера. Психолошките тестови се стремат

кон откривање на особини, како на пример, прекумерна насилност и слично, додека тестовите за определување на вредностите можат да откријат колку добро (или лошо) вработените се соочуваат со прашањата поврзани со работата и колку програмите за унапредување на работата, вклучително и на обуките го дале својот резултат.

Не треба да заборавиме дека основниот услов кој води до појава на корупција има врска со платата. За професионално вршење на работите полицискиот службеник треба да прима плата чија висина е определена на начин што обезбедува пристојна егзистенција, заштита од притисоци при спроведување на законот и некоруптивно однесување.

Платата и наградите за вложениот труд, нивната сигурност и редовност се една од основните заштити од корупција и коруптивно однесување воопшто. Токму од таа причина неопходно е да се изгради соодветен систем за наградување на трудот на вработените, кој ќе биде одраз на реално вложениот труд, посветеност и постигнати резултати.

Соодветно изготвената листа на плати, која се базира на вистинските параметри за сложеност, одговорност и квалитет на сработеното ќе даде допринос во единствениот систем на плати со почитување на сите специфики кои ја следат полициската работа и ја прават поразлична од работата на останатата администрација.

Доколку платата на полициските службеници е значително пониска од тоа што полициските службеници би можеле да го заработат вршејќи полесни дејности во приватниот сектор, кај некои од нив ќе се јави неетичко или несоодветно однесување, или може да придонесе квалитетен, стручен и добро обучен кадар да се одлее од Министерството за внатрешни работи.

### 1.10 <u>Спроведување на проценка за ризик од појава на корупција на работните места во МВР</u>

Имајќи ги предвид надлежностите на Министерството за внатрешни работи и полициските овлстувања кои ги има може да се каже дека секој аспект од работењето на полицијата е подложен на коруптивно однесување на полициските службеници. Некои сегменти од работењето на Министерството за внатрешни работи се поподложни на сериозна и системска корупција од останатите. Секторите кои се справуваат со тековните високопрофитабилни видови криминал (т.е. поинакви од еднократните или повремените видови криминал) обично нудат долгорочни можности за сериозните случаи на корупција.

Како високоризични сфери за постоење на корупција се издвојуваат работните места во сообраќајната полиција, граничните работи, управните служби, а исто така и службите кои директно работат на случаите на корупција и организиран криминал, делот на работите места од областа на сузбивање на недозволената трговија (со дрога, луѓе, акцизна стока), како и работните места кои се поврзани со договорите за набавка за потребите на полицијата, работни места кои го вклучуваат одлучувачкиот фактор во полицијата и други.

Доколку сакаме да ги категоризираме приоритетите за борбата против корупцијата, мораа да се идентификуваат сферите на работењето

на полицијата, со цел да создадат подобри можности за идентификување на работните места за кои постои поголем ризик за корупција со цел насочено фокусирање кон нивно надминување и санкционирање. Од тие причини, потребно е да изврши проценка на ризикот од корупција на секое работно место.

## 1.11 Зајакнување на меѓуинституционалната соработка

Со цел ефикасна борба против корупцијата неопходно е постоење и соработка на Министерството со другите ресорни министерства, државни органи и институции за борба против корупцијата и криминалот воопшто. Соработката треба да служи како базична основа и водечка сила на институциите во борба против корупција, која ќе ги одразува приоритетите и принципите на владината програма. Во таа насока неопходно е постоење на функционална поврзаност и формирање на заедничка база на податоци до кои ќе имаат пристап сите субјекти задолжени за борба против корупцијата, со цел размена на информации заради обезбедување одржлив систем на заеднички приод во реализирањето на сопствените обврски на институциите за неселективната борба против корупцијата.

Со цел справување на корупцијата во сопствените редови од исклучително значење е соработката на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со организациските единици во Министерството за внатрешни работи, пред се со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во БЈБ, како и меѓуинституционалната соработка на Секторот со институциите задолжени за борба против корупцијата пред се со Јавното обвинителство- Одделението за гонење на сторители на кривични дела од обласста на организираниот криминал и корупција

Посебно треба да се истакне соработката со Државната комисија за спречување на корупција, која се одвива согласно пропишаниот меморандум за соработка.

Постои јасна врска помеѓу корупцијата и судирот на интереси. Корупцијата честопати може да вклучува случаи на судир на интереси, но сите случаи на судир на интереси не се истовремено и случаи на корупција.

Кога, се работи за судир на работи, кои се неспоиви со полициските, проценката ја дава посебна Комисија во Министерството, меѓутоа кога се работи за активности кои претставуваат судир на интереси, толкување за истото се бара од Државната комисија за спречување на корупција.

## 1.12 Унапредување на меѓународната соработка во борбата против корупцијата

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди како надлежен сектор да констатира, превенира и санкционира случаи на корупција и коруптивно однесување на вработени во Министерството и полицијата, посебно внимание придава на соработката со сродните служби од регионот и пошироко во насока на размена на искуства и добри практики со цел сузбивање на корупцијата во сопствените редови.

Во изминатиот период потпишани се Меморандуми за соработака во делот на внатрешната контрола со Министерствата за внатрешни работи од соседните земји. За наредната 2014 година, ќе се потпишат меморандуми и со други држави.

Секоја земја има свои специфичности во дејствувањето и справувањето со злоупотребите на службените овластувања во сопствените редови, па во таа насока и секое споделено искуство овозможува и надополнување и надоградување на веќе постоечките практики.

За 2014 година, предвидено е продолжување на воспоставената практика за одржување на Регионални конференции на единиците за внатрешна контрола со теми, кои се однесуваат на корупцијата и нејзиното сузбивање во сопствените редови, како и теми од областа на полицискиот интегритет.

Истовремено, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди одржува средби, кои ќе продолжат и наредната година со службите од регионот со цел размена на искуства, договарање и реализирање на заеднички активности.

Инаку, Министерството за внатрешни работи на планот на сузбивање на криминалот и корупцијата има потпишано меморандуми за соработка со другите држави и нивните организациски единици надлежни за сузбивање на истиот, остваруваат непосредна комуникација со државите во регионот, која ќе продолжи и во 2014 година. Државите потписнички превземаат активности во борбата против корупцијата по пат на организирање на заеднички координирани акции со специјални методи, размена на информации, заемна помош при имплементација на националните закони и давање препораки за решавање и постигнување на планираните цели во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Службите со цел откривање и сузбивање на организиран криминал и корупција во текот на соработката разменуваат податоци за сторители на кривични дела со елементи на корупција, поврзаноста помеѓу припадниците на криминалните групи или злосторнички организации, нивно основање, фактичката состојба посебно за време, место и начин на сторување на делото, објекти на напад, за посебни околности на кршење на правните прописи и превземени мерки. На планот на меѓународната соработка од исклучително значење е да се воспостави безбедна комункациска врска во која ќе биде вклучено и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во компјутерската мрежа на другите држави, со која ќе се овозможи директно поврзување со апликацијата за безбедна размена на информации на мрежи на Европол – SIENA. Со ваквото надградувањето, ќе се овозможи размена на оперативни и стратешки информации поврзани со криминалот помеѓу државите членки, ЕВРОПОЛ и трети страни.

## 2. Обврска за имплементација на Антикорупциската програма

Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи, произведува конкретни обврски за сите организациони единици на Министерството и полицијата.

Согласно антикорупциската програма изготвен е Акциски план за имплементација на антикорупциската програма кој содржи задачи кои произлегуваат од оваа програма, кои треба да ги реализираат конкретни организациони единици во Министрeството за внатрешни работи со јасна временска рамка на реализација. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е надлежен да ја следи реализацијата на Антикопупцискта програма, да ги насочува активностите на организациските единици и да ја поттикнува реализацијата на активностите предвидени во Програмата и Акцискиот план, кој е составен дел на истата.

Истовремено, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во одредени области е задолжен и за спроведување на Антикорупциската програма.

Сите наведени носители на конкретни активности, секој во својот делокруг на работа, треба да изготви своја агенда со активности и дефинирана временска рамка за нивно реализирање, и на секои три месеци до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди да доставува известување за планираните и реализирани активности од Антикорупциската програма и Акцискиот план.

Само со координирани активности и реалната волја на сите организациски единици во Министерствотоза внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност и Управта за безбедност и контраразузнавање можеме да се справивиме со оваа општествено негативна појава во сопствените редови, а истовремено со реализација на истата ќе ја зајакнеме меѓуинституционална соработка како соработка со граѓаните со единствена цел спротивставување на корупцијата и коруптивното однесување, бидејќи само така ќе зачекориме по патот на иднината кој не води во Европската унија и НАТО.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
***м-р Гордана Јанкулоска***